**Република Северна Македонија**
**ЈУМ Центар за социјална работа**
**Свети Николе**
**Бр.04-995/8**
**дата: 30.10.2023 година**

Врз основа на член 188 став 6 и член 212 став,10 од Законот за социјалната заштита (Сл. весник на РСМ бр. 104/19, 146/19 , 275/19,302/20 и 311/20 година.) , чл. 20 д од Законот за вработените во јавниот сектор (сл весник на РМ бр. 27/14,199/1427/16,35/16 и 196/16) , в.д.Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе , во врска со објавениот интерен оглас бр. 04-995/2 од 19.10.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас**

**1.** За извршител на работно место – водител на случај -правник –Самостоен стручен службеник од IV ниво СО30303А04023 во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за услуги од социјална заштита по спроведната постапка за унапредување се избира кандидатот **Весна Ѓорчева Ефтимова.**

**2.** За извршител на работно место – Водител на случај – дипл.социјален работник ,Самостоен стручен службеник од IV ниво СО30303А04020 во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за права од парична помош за општина Свети Николе и Лозово по спроведната постапка за унапредување се избира кандидатот **Жанета Стојковска.**

3. Избраните кандидати ќе бидат унапредени на работните места објавени во интерниот оглас по конечноста на оваа .

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**5.** Одлуката да се објави на огласна табла и на веб страницата на установата .

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

По објавениот интерен оглас бр. 04-995/2 од 19.10.2023 година на огласна табла и на веб страната на Центарот за социјална работа Свети Николе за унапредување на два (2 ) извршители даватели на јавна услуга на работно место водител на случај правник ,Самостоен стручен службеник од 4 ниво во Службата за услуги од социјална заштита и водител на случај –дипл.социјален работник во службата за права од парична помош при ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе, а врз основа на претходно добиена согласност од Министерството за финасии за обезбедени финасиски средства за унапредување на даватели на јавна услуга, бр.18-4435/2 од 26.04.2023 година и согласност бр.18-8686/2 од 18.08.2023 , спроведена е постапка за унапредување согласно Законот за социјалната заштита.

В.д.Директорот на Установата формира Комисија за селекција за унапредување на два (2 )извршители даватели на јавна услуга со Решение бр.04-995/5 од 24.10.2023 година. Од страна на Комисијата за селекција за унапредување беа разгледани поднесените пријави и документи од потенцијалните кандидати и оценета е веродостојноста на истите при што е констатирано дека и за двете работни места има поднесено само по една пријава од кандидати кои ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени во интерниот оглас и истите ги имаат поднесено сите потребни документи.

Врз основа на чл. 212 став 10 од Законот за социјалната заштита, како и врз основа на Записникот од Спроведеното интервју и ранг листа на Комисијата за селекцијата за унапредување бр. 04-995/7 од 27.10.2023 година за двете работни места, в.д.Директорот на ЈУМ центар за социјална работа Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**:Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на истата преку Центарот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до :**
**-архива**
**-кандидати**

**ЈУМ Центар за социјална работа**
**Свети Николе**
**в.д Директор**
**Катерина Сенева Конева**